Општествена одговорност на „Адора Инженеринг“

АДОРА инженеринг Скопје

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА 2012 ГОДИНА



Адора Инженеринг-мај 2013

# 1 | СО ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ, ПООДГОВОРНИ КОН ЦЕЛАТА ЗАЕДНИЦА



„Ми причинува задоволство да Ви го претставам првиот извештај за општествено одговорните практики на „Адора Инженеринг“ во 2012 година, кога компанијата се приклучи на иницијатива на Глобалниот Договор на ООН.

Со овој извештај и со нашето идно работење ја потврдуваме нашата заложба за почитување на дестте принципи на Глобалниот Договор на ООН во областите: човекови права, труд, животна средина и борба против корупцијата.

На овие принципи се темели долгорочната стратегиска определба на компанијата за реализација на проекти за одржлив развој и поетичко општество, за доброто на вработените, граѓаните, на целата заедница.

По 10 годишен нагорен развој, „Адора Инженеринг“ во 2012 година се рангира на 12-тото место по успешност и меѓу првите најбрзорастечки компании во Македонија, со што го потврди лидерското место во високоградбата. Паралелно со растот на успехот, секоја година растеше и одговорноста кон заедницата, а општествено одговорните практики станаа наша традиција. Мотото дека еден човек или компанија не постојат сами за себе и за своето опкружување, ја поттикна идејата во секоја општина каде што градиме објекти, да вложуваме во дела кои ја заштитуваат и разубавуваат животната средина и им овозможуваат поквалитетен и посреќен живот на граѓаните. Во 2012 година организиравме и поддржавме хуманитарни и други акции, културни, спортски и стручни манифестации, стипендиравме студенти, донираме помош за младите пациенти во болниците, бевме покровители на верско-туристичка манифестација, започнавме со изградба на црковен храм, иницираме подигнување на спомен обележје. Продолжија долгорочните проекти „Вработените се наше најголемо богатство“ за исхрана и континуирана едукација на вработените и „Изградба на енергетски ефикасните домови, кој за одличниот еко квалитет, заштедата на енергија, користењето на фотоволтаични системи

како обновливи извори на енергија, хортикултруното оплеменување и заштита на животната средина доби национални награди за најдобри ООП во Македонија.

Етичкиот бизнис кодекс, кој како заложба, филозофија и практика е основа на работењето и развојот на „Адора Инженеринг”, ја има клучната важност за стабилноста на компанијата. Во релациите со вработените, купувачите, бизнис-партнерите, локалните и државните институции, граѓаните, асоцијациите и општеството, наш приоритет е почитувањето на правилата за етичко, морално, чесно, фер, здраво и респектабилно однесување со еднакви можности за сите и акцент на борбата против митото и корупцијата. Во фокусот на нашата стратегија и практика е изразеното чувство на грижа за другите членови на заедницата, на кои тоа им е најпотребно. Со амбиција да сме дел од етички и морално здраво општество, почнувајќи од секој вработен до менаџментот на компанијата, наш приоритет е да изградиме етичка деловна култура и неа да ја применуваме во сите сегменти на работењето и делувањето на „Адора Инженеринг”. Наша цел е на тој начин да обезбедиме економски одржлив развој на компанијата, просперитет на поединците и на општеството, да го споделиме тоа со бизнис заедницата и јавноста и да дадеме добар пример за останатите компании во Македонија.

Заложбата на „Адора Инженеринг“ за воведување на општествено одговорните практики во различни области од делувањето е препознаено и од Националното координативно тело за ООП, па во 2012 по повод петгодишнината од доделувањето на Националната награда за најдобри општествено одговорни практики на македонските претпријатија, на „Адора Инженеринг“ и е доделено јубилејно признание како претпријатие кое најредовно учествувало на конкурсот и има добиено најмногу награди. Нашите општествено одговорни практики продолжуваат и во иднина, со што веруваме дека „Адора Инженеринг” ќе даде придонес во развојот и промоцијата на општествената одговорност во Република Македонија, регионот и на глобално ниво“...

**проф. д-р Ванчо Чифлиганец,** **ген. дир. на „Адора Инженеринг“**



## 2 | ВРЕДНОСТИТЕ НА АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ

„Адора Инженеринг“-Скопје е лидер во градежништвото-високата градба и пионер во воведувањето на енергетски ефикасните домови во Македонија. Според Централниот регистар на Република Македонија во 2012-та година, по економските резултати, рангирана е како Прва градежна компанија по успех и 12-та најуспешна компанија во Македонија и е меѓу 5-те најбрзорастечки фирми во државата со постигнат најголем успех меѓу две деловни години, во време на светска економска криза. Во својата прва деценија, компанијата од мала израсна во средно голема компанија, која од 165-тото место по успешност во 2007-ма година, 127-то во 2008-ма, се искачи на 86-то место во 2009-та, оствари скок на 25-то место во 2010-та, на 20-то беше во 2011-та и се позиционира на 12-то место по економска успешност во 2012 година.

Почетоците на АДОРА се во 1992, а во 2002 година таа се фокусира на градежништвото. САМО ДЕЛАТА СЕ ВИСТИНА е препознатливото животно и професионално мото, со кое сопственикот и генерален менаџер, проф д-р Ванчо Чифлиганец компанијата ја менаџира повеќе од 10 години. „Адора Инженеринг“ нуди СÈ на на едно место - инвестирање, проектирање, изведување и продажба на станбено-деловни објекти, притоа грижејќи се континуирано за своите вработени, за купувачите и граѓаните, за намалување на негативните влијанија врз животната средина, за квалитетно еко домување. Во средината во којашто делуваме активно придонесуваме за сочувување и продолжување на традиционалните вредности. Ги помагаме културата, спортот и излегуваме во пресрет на нашата заедница, согласно можностите. Компанијата досега има изградено 26 репрезентативни објекти, со вкупно 123 707 м2 елитен станбен простор, 6 190 м2 луксузни деловни простории и 21 824 м2 модерен паркинг простор, а енергетски ефикасните домови се со современи енергетски, економски и еколошки решенија. „Адора Инженеринг“ има донирано две саат кули, во Ѓорче Петров-Скопје и Струмица и фонтана во Кисела Вода-Скопје, во текот на 2012 и 2013 година ја гради црквата Свети Јован Крстител во општина Аеродром-Скопје, а во тек е идејниот проект за подигнување на спомен обележје за Водици во Охрид.

За своите општествено одговорни активности и придонесот во заедницата во 2012 година, „Адора Инженеринг“ има добиено национални и европски награди.









## 2.1. АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ И ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ

Мисијата и визијата на „Адора Инженеринг“ е да биде пионер-предводник во Македонија и во регионот во воведувањето на новините за поквалитетно домување и во рамките на бизнис целите и стратегијата, да гради концепт на општествено одговорна компанијата.



„Општествената одговорност има долга традиција во „Адора Инженеринг“. Почетоците датираат од првиот изграден станбено-деловен објект во 2003-та година во Скопје-Карпош, околу кој беше засаден зимзелен дрворед, кој во 2012 година порасна во висина на 1/3 од зградата, како густ еколошки зелен заштитен појас за станарите, кои по повеќе години станаа свесни за долгорочните придобивки. Старата практика на менаџментот за помагање на поединци, институции и манифестации, со тек на времето прерасна во стратегиска определба за вложувања во интерес на секоја општина и секој граѓанин, со цел успехот да се подели со заедницата, а повратниот ефект од инвестициите и економските резултати да го почувствуваат купувачите и јавноста. Општествено одговорните практики се прошириja во повеќе домени и станаа составен дел од работењето на компанијата. Денес општествената одговорност е препознатлив дел од корпоративниот идентитет и бизнис имиџот на „Адора Инженеринг“.

**м-р Драгана Чифлиганец**
**извршен директор на „Адора Инженеринг“**









Проекти кои се реализираат во доменот на општествено одговорните практики:

- Вработените се нашето најголемо богатство
- Исхрана за секој вработен
- Континуирана едукација за подобро општество
- Изградба на енергетски ефикасни домови
- Фотоволтаични системи за заедничко осветлување
- Заштита на животната средина
- Засадување зелни појаси околу објектите
- Вложување во општините за доброто на граѓаните
- Поддршка на манифестации и поединци
- Грижа за купувачите
- Грижа за добавувачите

## 2.2. „АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ“ ВО ГЛОБАЛНИОТ ДОГОВОР НА ООН

„Адора Инженеринг“ од мај 2012 година е членка на Глобалниот Договор на ООН. Со тоа компанијата зазеде поструктуиран пристап кон општествената одговорност, сремејќи се во иднина да ги следи глобалните текови во оваа област. Во рамки на активностите во Македонската мрежа на Глобалниот Договор, учествувавме во подготовка на меѓународна публикација што ја информираше светската јавност за изградбата на енергетски ефикасните домови во Македонија.



„Адора Инженеринг“ има стратешки приод кон општествената одговорност којашто е препознаена на национално ниво со доделените плакети во рамки на Националната награда за најдобри општествено одговорни практики за 2011 и 2012 година. Во 2012 „Адора Инженеринг“ се приклучи кон најголемата глобална иницијатива за општествена одговорност: Глобалниот договор на Обединетите нации. На овој начин компанијата потврдува дека ги прифаќа и работи во согласност со принципите поврзани со човековите и работничките права, заштитата на животната средина и борбата против корупцијата. Дополнително, „Адора Инженеринг“ активно се вклучи во активностите на Македонската мрежа на Глобалниот договор, а практиката за градење енергетски ефикасни домови беше објавена за пример меѓу 100 практики на компании од 20 европски земји. Со цел соодветно да информира за своите активности во овој домен „Адора Инженеринг“ го поставува својот систем за известување. На овој начин се потврдува посветеноста на компанијата за етичко и транспарентно делување.“

**Никица Кусиникова**

**Извршна директорка**
**Здружение Конект**


Building Energy Efficient Homes in Macedonia

# 3 | ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТАНДАРДИ

„Адора Инженеринг“ е меѓународно сертификувана компанија од областа на градежништвото - високоградба, за што поседува соодветни лиценци за проектирање, изведување и надзор на градби од втора, трета, четврта и петта категорија, со што се гарантира професионалност и квалитет во работата.

Компанијата во своето работење ги применува меѓународните стандарди ISO 9001 за квалитет и ISO 14001 за животна средина, а во тек е постапката за имплементирање на стандардот за социјална одговорност ISO 26000. Адора Инженеринг” ги имплементира сите меѓународни стандарди од областа на градежништвото, квалитетното домување, заштитата на животната средина, како и кодекси, норми и принципи на етичкото работење.

Примената на стандардите за квалитет и заштита на животната средина на купувачите на становите и деловните простории, изградени од „Адора Инженеринг“ им овозможува квалитетно домување по европските и светски стандарди. Компанијата гарантира за сигурноста, цврстината, асеизмичноста, стабилноста и квалитетот на еко градбите, како и за заштитата на животната средина, за што сведочат и меѓународните сертификати, мерењата и анализите од надлежните институти и мислења на компетентни стручњаци.



**„Поврзаноста меѓу научно-истражувачката работа и практиката е голема, особено кога се работи за фундирање на градежните објекти. Фирмата „Адора Инженеринг“ успешно соработува и ја имплементира науката во практичната работа, истражувањето и воведувањето на нови материјали, особено во регионите со слабо носиви почви. Во вакви случаи, оваа компанија прави комплетна бонификација на земјиштето, каде што потоа се градат објектите”**
- проф. д-р Љупчо Димитриевски.

**„Од почетокот сме со компанијата „Адора Инженеринг“ и од досегашното искуство и извршените испитувања на илјадници квадратни метри армирано-бетонски плочи, илјадници кубни метри бетон и тони железо, можам да потврдам дека квалитетот на вградениот бетон, арматурата и другите материјали се од врвен ранг, тие се испитуваат според европските норми и гарантираат трајност и сигурност на објектите што ги гради „Адора Инженеринг“**
- м-р Марјан Ивановски - извршен директор на „Евро-Консалтинг“.



Со примена на меѓународните стандарди ИСО 9001 за квалитет и ИСО 14001 за заштита на животната средина, најновите еко технологии, енергетската ефикасност и зелената архитектура во работењето, преку стандардизиран квалитет на управување со ресурсите, компанијата ги воведе висококвалитетните енергетски ефикасни домови во Македонија. Со тоа, на граѓаните им овозможува долгорочна и секојдневна заштеда на потрошувачката на енергија и пари, грижејќи се континуирано за купувачите од една и за заштита на животната средина од друга страна, како вредност од витално и суштествено значење за животот на сегашните и идните генерации..

Со покренување на процедурата за аплицирање за добивање на меѓународниот стандард ИСО 26000 за социјална одговорност, „Адора Инженеринг“ сака да ја потврди и стандардизира долгорочната стратешка определба за одржлив развој, со економски бенефит, да се грижи за вработените, за потрошувачите, добавувачите, животната средина, за доброто на пошироката заедница и општеството.

Со имплементација на стандардите ИСО 9001 и ИСО 14001 во 2012 година се изградени и пуштени во употреба енергетски ефикасните станбено-деловни објекти со фотоволтаици во Скопје-Аеродром-Ново Лисиче, Охрид-Билјанини Извори, Скопје-Центар-Под Водно, а оваа година се изградија уште пет нови објекти со вакви карактерстики за квалитето домување во Скопје-Аеродром-Ново Лисиче. Во текот на 2012 година, продолжи проектот Исхрана за секој вработен, во кој се делеа оброци со храна на сите градилишта на градежните работници.

**„Еден од основните критериуми за градење на современи објекти е сигурноста на нивните конструктивни системи и можноста тие да се отпорни на евентуални природни и вештачки катастрофи, како земјотреси, урагани, ветрови и експлозии. За да се постигнат вакви резултати, неопходно е да се преземат мерки за квалитетно и стручно реализирање на процесот на проектирање и квалитетно градење на објектите, како што е примерот со сите градби на „Адора Инженеринг“, кои се одликуваат со докажана сигурност, асеизмичка стабилност и проверена цврстина”**

- проф. д-р Предраг Гавриловиќ.





## 4 | ГРИЖА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

Човечките ресурси се главен двигател и најголемото богатство на „Адора Инженеринг”, што започна со број од само неколку вработени во 2002 година, што во 2011 година се искачи на 146, за во 2012 година да достигне бројка од 270 вработени.

Имајќи во вид дека во градежната дејност постојат реални ризици при работењето, компанијата е мотивирана да се грижи за своите вработени, преку адекватна **заштитна опрема за безбедноста на работниците на градежните објекти.** За работниците на градилиштата секојдневно е обезбеден **квалитетен топол оброк** за време на работата, неколку пати во текот на денот, што не е законска обврска од 2009-та година наваму, но и покрај тоа компанијата континуирано се грижи за секојдневна исхрана на градежните работници.

| година | вкупно поделени оброци | потрошени средства |
|---|---|---|
| **2011**<br>на градилиштата во Скопје и Охрид | 115 180 | 7 832 240 денари |
| **2012**<br>во Скопје | 118 620 | 8 105 747 денари |

Компанијата во текот на 2011 и 2012 година реализира и финансиски поддржа повеќе високостручни обуки за вработените, за менаџерскиот кадар, стручните кадри од различни профили и за градежните работници, со цел да се зголеми нивната професионалност, да се подобрат стручните знаења, да се следат новите текови во високоградбата и гардежништвото и тие да се применат во работата за подобри резултати на компанијата. Дополнително, на овој начин компанијата придонесува за личната кариера и професиоален развој на своте вработени.

| година | инвестирани за стручни обуки и посети на саеми на вработените | |
|---|---|---|
| **2011** | 318 553 денари | 5 222 евра |
| **2012** | 449 432 денари | 7 368 евра |

Вработените имаат директна и **постојана комуникација со менаџментот** на компанијата, кој им излегува во пресрет со аванси од плати и парична помош за животните потреби. Во компанијата **се води грижа и за организирана заедничка прослава на поголемите празници,** значајни поводи и датуми. Целта е задоволните вработени долгорочно да се главна движечка сила во работата, креирањето и реализацијата на нови проекти, совладувањето на проблемите, храбро прифаќање на ризиците и постигнувањето на нови успеси.



Во управувањето со компанија во сите сектори, директно се вклучени и дел од вработените, така што и оние кои не се на менаџерски позиции, учествуваат на секојдневните состаноци, дебати и во носењето на одлуки, значајни за работењето на компанијата, што секако ги засегаат и сите. Генералниот менаџер, проф. д-р Ванчо Чифлиганец секојдневно се среќава со градежните работници, инженерите, архитектите и мајсторите кои работат на градилиштата, со што сите вработени имаат можност директно да го прашаат сè што ги засега и интересира во врска со работата. На тој начин тие влијаат врз подобрувањето и практичната реализација на проектите, а имаат можност и да побараат помош за своите животни потреби. Не се ретки примерите, кога генералниот менаџер, преку отворена комуникација, да им излезе во пресрет со давање финансиска поддршка во вид на аванси од платата, како и со одложено враќање на средствата, кога тие итно им се приватно потреби за образование на нивните деца, за запишување на студиска година, полагање на испити, за сместување, за матурски прослави, свадби, за лекување и сл. Во текот на 2011 година, 38 236 евра менаџментот одобрил за ис-

**„Многу сум задоволен што јас како градежен работник имам можност секојдневно да се сретнам и да поразговарам со нашиот генерален директор проф. д-р Ванчо Чифлиганец, кој секое утро доаѓа меѓу работниците на градилиштата и самиот учествува во процесот на работа. Директно и непосредно можам да му кажам што мислам за работата и по некогаш да му ги доверам личните проблеми и тешкотии, што ме мачат во животот, така што тој често ми помага да ги решам полесно. Сум добивал аванси од платата, со што можам полесно, благодарение на компанијата да се справам со приватните потреби“.-** изјави Никола Зинзировски, вработен во „Адора Инженеринг“.“

плата како аванси од плата за вработените, а во 2012 година 23 219 евра се инвестирани во аванси на плати на вработените.

Во „Адора Инженеринг“ се практикува помагање во сместувањето и подмирувањето на дел од режиските трошоци на вработените во компанијата во Скопје, кои се од другите градови и живеат надвор од родното место. Тоа создава амбиент на исполнетост и сатисфакција од работата, што резултира со добра работна атмосфера и задоволни вработени кои се чувствуваат сигурни дека менаџментот има слух за нивните потреби и проблеми и им помага да најдат решение за важните егзистенцијални потреби, што е дополнителен мотив за работата и знак на добри односи и грижа за вработените.





## 4.1 ОРГАНИЗАЦИОНА ШЕМА НА АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ



## 4.2. СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ

Меѓу вработените во „Адора Инженеринг“ преовладуваат мажите, поради природата на оперативната работа во градежната индустрија, кои работат на градилиштата со градежни машини, физичка работа на височина на објекти и сл. Но, во дирекцијата на компанијата, во административниот, проектантскиот, продажниот, правниот, комерцијалниот, финансискиот и маркетинг секторот преовладуваат жени, кои се на повеќе значајни и одговорни, менаџерски позиции во компанијата, каде извршен директор е жена. Податокот што во 2012-та година, од 20-те вработени во административниот дел на компанијата, 15 биле жени, а од нив 5 на менаџерски функции, кои носат важни одлуки со голема одговорност и профитабилност, покажува дека има родова еднаквост, односно рамномерна застапеност на вработените без дискримиација или привилегија. Во однос на етничката структура, освен вработените од македонска етничка заедница, меѓу градежните работници има и припадници на ромската заедница. Единствено мерило за вработување во компанијата не е ниту родовата, а ни етничката припадност, туку стручноста, професионалноста, работливоста, чесноста, одговорноста и посветеноста на работата, чии резултати ги уживаат сите вработени.



## 4.3. ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ

За сите градежни работници, инженерите и другиот кадар што работи на градежните објекти „Адора Инженеринг“, согласно стандардизацијата на работата во градежната дејност, редовно обезбедува и ја заменува работната опрема како шлемот, работното одело и сл, со што се овозможува безбедност и здравје на работното место согласно Законот за безбедбост и здравје при работа. Во делот на производството, сите градежни работници како ѕидарите, тесарите, армирачите и сл, поседуваат сертификати дека се обучени за соодветната работа. Обезбедени се и сите сертификати за безбедноста на машините со кои управуваат вработените, како и соодветните извештаи за бучавост и вибрации на работното место, како и адека има соодветна светлина и потребна топлина на работното место. Согласно законските акти, се прават редовни здравствени прегледи на вработените, а во работните простории на компанијата има кутии за прва медицинска помош, апарати за противпожарна заштита и др. Со сите овие законски обврски, компанијата се труди на вработените да им овозможи услови за добро завршување на работните задачи и за нивна безбедност и здравје на работното место.



Свесни за ризиците на кои при работата се изложени нашите вработени, особено внимание се посветува на мерките за здравје и безбедност при работа, како и на нивна надградба и усовршување.

## 4.4. ИСХРАНА ЗА СЕКОЈ ВРАБОТЕН

Исхрана за секој вработен е проект кој е активен повеќе години и е дел од долгорочната стратегија на „Адора Инженеринг“ што е дел од програмата ВРАБОТЕНИТЕ СЕ НАШЕТО БОГАТСТВО, што вклучува повеќе активности како што се постојана едукација на вработените, превоз и сместување на вработените во Охрид и Скопје за градежниците и за дел од раководителите на објекти, нивниот надзор и менаџерите кои не се од тоа место, за кои компанијата на свој трошок обезбедува стан за живеење и исхрана на сите вработени. Со законските измени и дополнување на законот за работни односи член 113 став 5 од 1.1.2009 год за исхраната и превозот се укинаа, со што на вработените тоа им преставуваше голем проблем. И покрај законските измени, менаџментот на „Адора Инженеринг“ одлучи да ги прифати барањата на вработените со што продолжи секојдневно на сите градилишта на компанијата во Скопје и Охрид да се доставуваат оброци со храна. Така во 2011 година на градежните работници им се поделени 115 180 оброци, за што се инвестирани 7 832 240 денари, а во 2012 за поделените 118 620 оброци, компанијата инвестирала 8 105 747 денари.

Поголема грижа за здравјето на вработените, кои со редовна исхрана на самото место на работа, во овој случај градилиштата, ги задоволуваат своите потреби, со што се поефикасни во работата, со подобри резултати, што ја прави компанијата попродуктивна со поголеми економски ефекти. Задоволни вработени, кои не се грижат и немаат дополнителни главоболки и трошоци, а живеат во пристоен стан за живеење на товар на фирмата и немаат трошоци за превоз. Нивното задоволство и лична сатисфакција, создава и подобар работен амбиент меѓу самите вработени, подобри односи меѓу нив, што директно влијае врз подобри ефекти од работата.



## 4.5. ОБЕЗБЕДЕНО ДОМУВАЊЕ

На дел од вработените на градилиштата во Скопје, Охрид и Струмица и за дел од менаџерите, кои се од други градови и се мобилни на терените низ Македонија, „Адора Инженеринг“ им обезбедува станбено сместување и надомест на дел од режиските трошоци во местото на работа, а дел од вработените добиваат и надомест на трошоците за превоз. Тоа резултира со дополнителна мотивација за поголемо ангажирање и повисока продуктивност на вработените во извршување на работните обврски, од што позитивни ефекти имаат компанијата, купувачите, пошироката заедница, животната средина и самите вработени. Како пионер во воведувањето на еко и другите иновции за квалитетното домување, оваа мерка придонесува за поголема флексибилност и подготвеност на вработените за следење и примена на новините во работата.

**„Како вработена што не е од Скопје, навистина многу ми значи што компанијата, на нејзин товар, ми обезбеди домување, а таа учествува и во надоместот на дел од режиските трошоци. Тоа за мене е вистински поттик уште повеќе да се ангажирам во работата, за што имам мотив и сатисфакција. Од оваа практика на менаџментот на „Адора Инженеринг“, што е реткост меѓу македонските компании, позитивни ефекти имам јас како вработена, моето семејство, компанијата и секако пошироката заедница“. –** изјави Нина Кепеска, вработена во компанијата.

## 5 | НАШИТЕ ВРАБОТЕНИ, АКТИВНИ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Вработените во „Адора Инженеринг“ се активни чинители во одредување и развивање на стратегијата за општествената одговорност на компанијата и во реализација на активностите со коишто се помага пошироката заедница. Менаџментот на компанијата ги зема предвид предлозите и идеите на вработените и врз основа на нивните иницијативни се планираат и реализираат практики од општ интерес и се организираат волонтерски акции во различни домени. Прочитајте ги нашите приказни за корпоративно волонтерство и филантропија:

- На 4 август 2012 година вработените во компанијата, заедно со меѓународниот фестивал Охридско Лето и Комуналец Охрид, организираа еко акција за чистење на Античкиот театар во Охрид, којшто е еден од најимпозантните споменици на културата од античко време и најголема отворена сцена во Македонија. Целта беше преку собирање на сметот и отпадоците што зад себе ги оставија 2000-те посетители на фестиваласкиот концерт, да се покаже поголема грижа за вредното и старо културно-историско наследство. Со манифестирање повисока свест за чистење и заштита на животната средина да им се даде пример на останатите компании и граѓани за превземање на слични активности. Повод за оваа еко акција беше компанијата да се вклучи во одбележувањето на 52-иот роденден на фестивалот Охридско Лето.



- На 11 октомври 2012 година, во соработка со Црвениот Крст-Скопје, вработените во „Адора Инженеринг“ организираа волонтерска акција за собирање на стара облека, наменета за социјално загрозените граѓани на Скопје. Во хуманитарната акција, што се реализира во рамките на свечената прослава за пуштање на новиот елитен станбено-деловен објект Скопје-Под Водно, беа вклучени и гостите, посетители на настанот, кои за тоа беа информирани со поканите испратени за свеченоста и објавени во медумите.



Вработените со собирањето и дарувањето на стара облека, им дадоа добар пример на деловните партнери и пријатели на компанијата за грижа за социјално загрозените лица, кои имаат потреба од помош, на кои во соработка со Црвениот Крст-Скопје им беше поделена собраната стара облека. Учесниците-донатори во хуманитарната акција, добија благодарници од „Адора Инженеринг“ за покажаната хуманост.

- Во текот на 2012 година, во три наврати, вработените во компанијата, заедно со волонтерите на Црвениот Крст Охрид, реализираа три хуманитарни акции за донирање прехранбено-хигиенски пакети на повеќе од 200 социјално загрозени семејства од општините Охрид и Дебрца. Хуманитарните пакети беа поделени на три големи верски празици, Богојавление-Водици, на 19 јануари, Велигден, на 17 април и на 8 декември, Патронот на Охрид-Свети Климент Охридски. Хуманитарните акции се дел од долгорочниот проект на компанијата за помагање на секоја општина каде „Адора Инженеринг“ гради објекти за домување, а со цел социјално загрозените семејства од сите етнички заедници и категории, сиромашни, повеќедетни, со посебни потреби и самохрани родители, да почувствуваат дека заедницата се грижи и е солидарна со нив, им дава љубов и внимание, радост и празнична среќа. Во проектот Хуманитарни акции-Подобар живот за секој граѓанин-Подостоинствен празник за сите, вработените во компанијата со волонтерите на Црвениот Крст-Охрид ги набавија, сортираа и според заеднички правени списоци, ги делеа хуманитарните пакети на социјално загрозените семејства во просториите на Црвениот Крст-Охрид,



- Вратите на „Адора Инженеринг“ се отворени за децата продавачи на уличниот весник „Лице во лице“, кој се купува од вработените, а половина од приходот оди кај улични продавачи. Волонтерската акција беше во рамките на одбележувањето на меѓународната недела на продавачи на улични весници, со цел да се поттикне претприемачкиот дух кај лицата од маргинализираните групи за подобар живот и поубава иднина.



# 6 | ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во своето 10 годишно работење како градежна компанија во високоградбата, „Адора Инженеринг“ со примена на меѓународните стандарди ИСО 9001 за квалитет и ИСО 14000 за заштита на животната средина, зелената архитектура, современите еко технологии и светски стандарди за квалитетно домување, преку стандардизиран квалитет на управување со компанијата и ресурсите, како пионер во Македонија ги воведе енергетски ефикасните домови. Еден од приоритетите во долгорочната стратегија, во рамките на општествено одговорните активности е енергетската ефикасност со што се карактеризираат елитните станбено-деловни објекти на „Адора Инженеринг“, како континуирана грижа за купувачите, граѓаните и животната средина, што е суштествена вредност од животно значење и највредно богатство и наследство за сегашните генерации и идните поколенија. Во овој домен, компанијата долгорочно се стреми на своите купувачи, станари во објектите за колективно домување, да им овозможи современ квалитетен живот, во домови кои со одличните изолаторски карактеристики ја намалуваат потрошувачката на енергија, што на станарите им штеди пари и што е најважно, овозможуваат чување и заштита на животната средина од загадување и штетни влијанија и на крај одржлив развој. Со цел да ја заштити и разубави животната средина, компанијата континуирано, хортикултурно ги уредува и оплеменува просторите околу сите станбени објекти во Скопје, Охрид и Струмица, со засадување нови садници на разовидни дрвја и цвеќиња и густи зелени појаси, кои прераснуваат во заштитен штит и еколошки бели дробови на просторот.



## 6.1. МЕРКИ ЗА РАЗУМНО КОРИСТЕЊЕ НА ЕНЕРГИЈА



Во 2011 и 2012 година, „Адора Инженеринг“ продолжи со долгорочниот проект за изградба на енергетски ефикасните домови во Скопје, Струмица и Охрид. Со поставување термо фасада, вградување фасаден графитен неопор од 8 и 10 см, изолација со одлични карактеристики, современа ПВЦ столарија, од познатата марка Рехау Генео Фипро и други висококвалитетни енергетски ефикасни материјали, фасадниот надворешен ѕид на објектите има коефициент U<0,4 W (m2.K.), а коефициентот на пренесување топлина U=0,8 W (m2.K.), со што компанијата работи според европските стандарди, за што правилник сеуште не е усвоен во Македонија.



Енергетски ефикасните домови, кои постојано се осовременуваат и усовршуваат, ја намалија потрошувачката на енергија за греење во зима и за ладење во летниот период, што на станарите им заштедува пари и тие сега, споредено со порано, имаат за 50 % пониски сметки за струја, за греење на станбен простор со иста квадратура. До 37 °C во летниот период, во некои од објектите станарите не уклучуваат клима уред за разладување.



„Адора Инженеринг“ е пионер во Македонија во воведувањето на фотоволтаичните системи за заедничко осветлување во колективните станбени објекти, коишто се пренасочија кон сончевите колектори како обновливи извор на енергија. Овие пасивни потрошувачи на енергија имаат повеќе позитивни ефекти, на станарите им штедат енергија и пари, тие за заедничкото осветлување не добиваат сметки за струја. Особено е важно што заедничкото осветлување во објектите сега не зависи од напојувањето од електро-мрежата, и кога во општината нема јавно светло, односно при прекин на струјата, свети само заедничкото осветлување околу објектите на „Адора Инженеринг“. Во објектите има системи со батериски

банки за контролирано трошење на енергијата и во време кога не се генерира струја, како и во вечерните часови, кои не се поврзани на електро мрежата, а инсталиран е и независен систем за автоматско префрлување на потрошувачите помеѓу мрежен и автоматски режим на работа. Кај надворешното, дворно и партерно осветлување, има фото келија (форел) за автоматско вклучување на светилките во вечерните часови, што исто така придонесува за поекономично користење на електричната енергија. Во сите објекти има сензорски светилки во заедничките простории со штедливи светилки.

Во 2011 и 2012 година во шест станбени објекти, четири во Скопје, еден во Струмица и еден во Охрид, инсталирани се вкупно 69 соларни фотоволтаични системи-панели, за што компанијата инвестира 4 099 064 денари или 67 198 евра (со ДДВ) или 3 473 776 денари или 56 947 евра. (без ДДВ).

Истражување од страна на Градежниот факултет во Скопје во 2013 година, со мерењета на објектот Скопје-Под Водно, покажаа одлична звучна изолација со индекс на звучна пропустливост од 39 db за преграден ѕид и 46 db за сендвич ѕид, што е стручна потврда за квалитетот на нашите градби, реализирани во 2011 и 2012 година.



## 6.2. МЕРКИ ЗА СООДВЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

„Адора Инженеринг“ при работењето води сметка за соодветно управување, собирање и одлагање на отпадот од градежни и други материјали.

Цврстиот отпад од дрво се собира и продава на компании и физички лица за огрев, отпадното железо се собира и продава како старо железо, отпадот од ПВЦ, пластика и сл, се продава на други компании за рециклирање, отпадоците од хартија се собираат и продаваат како стара хартија за рециклирање. Цврстиот градежен отпад и шут, од бетон, цигли и сл, го отстрануваат и депонираат компаниите – подизведувачи кои според склучените договори се обврзани да се справуваат со отпадот од нивната работа. Отпадот направен од нашата компанија се одлага во еко контејнер со зафатнина од 7 $м^3$, каде се става цврстиот градежен шут од работата на нашата компанија. Од сите градилишта постојано и соодветно се сервисира и одлага фекалниот отпад од подвижните тоалети, што ги користат градежните работници.

Во 2011 од градежните објекти на „Адора Инженеринг“ се собрани 42 $м^3$ комунален отпад со градежен шут од цигли и сл, 304 кг отпад од хартија, 28,5 тони отпад од железо и 76 362 cl фекален отпад. Во 2012 година се собрани вкупно 55 297 cl фекален отпад, 28 $м^3$ комунален отпад, 400 кг отпад од пластика, 261 кг отпад од хартија и 33,14 тони отпад од железо и челик. Целиот отпад комплетно е одложен и рециклиран.

Во 2012 година во соработка со ПАКОМАК, „Адора Инженеринг“ постави канти за селективно собирање и одлагање на отпадот од хартија и пластика во сите станбени објекти на компанијата во Скопје. Со ова се подигнува еколошката свест и се едуцираат станарите и граѓаните за долгорочна заштита на животната средина од загадување и за поголема грижа за заедницата во која живееме и ќе ја оставиме на идните поколенија.

> **„Преку заедничкиот проект со општествено одговорната компанија „Адора Инженеринг“, станарите добија можност за поголема информираност за селектираното фрлање на отпадот, неговото одлагање и рециклирање и за придобивките од тоа за почиста иднина за сите. Со ова се подигнува јавната свест кај луѓето и општеството во целина за поголема хигиена, со примена на новите стандарди за третирање на отпадот, со крајна цел заштита на животната средина“.-** Ико Брдароски, менаџер за грижа на корисници во ПАКОМАК ДОО, друштво за управување со пакување и отпад од пакување.

## 6.3. ОПЛЕМЕНУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Со долгорочната стратегија за уредување, заштита и оплеменување на животната средина околу сите станбени објекти изградени од компанијата, почнувајќи од првиот во Карпош-Скопје, „Адора Инженеринг“, па до најновите "Билјанини Извори"-Охрид, Скопје-Под Водно и Скопје-Аеродорм-Ново Лисиче, редовна практика е озеленување и хортикултурно облагородување на нивната околина со зимзелени и листопадни дрвореди и цветни паркови, кои станаа заштитен знак на компанијата. Во 2011 година купени се 400 садници на дрвја за оплеменување на околината на станбениот објект во Струмица, за што компанијата инвестира 960 210 денари. Во 2012 година купени се и засадени 412 садници со зимзелени и листопадни дрвја во станбениот објект Скопје-Под Водно и резиденција Црниче-Скопје, за што се вложени околу 10.000 евра.

Освен убавиот декор, озеленувањето и хортикултурното оплеменување на просторот околу станбените објекти, го освежува воздухот, прави еко заштита од правот и урбното загадување, штити од бучава и ја заштитува животната средина.





# 7 | ГРИЖА ЗА ЗАЕДНИЦАТА

Градежната компанија „Адора Инженеринг“, согласно мотото на компанијата „Само делата се вистина“, постојано вложува во дела корисни за целата заедница, преку донации, кои се гордост на сегашните и идните генерации. Проектите за грижа и вложување во заедницата се дел од долгорочната стартегија на компанијата „Вложуваме во општините за доброто на граѓаните“. Целта е во секоја општина каде што се градат станбено-деловни објекти да се оставаат дела од коишто корист и позитивни ефекти имаат станарите, како и сите жители на општината и граѓаните. Тоа ги намалува негативните последици врз животната средина, придонесува за нејзино зачувување и облагородување, и придонесува за подобар и поквалитетен животот на граѓаните. Со овие практики, компанијата се стреми да остави видлив траг во општеството, како морален и етички долг кон него.







## 7.1. ДОНАЦИИ

- Фонтана „Македонија“ во општина Кисела Вода-Скопје, со која стариот запуштен парк се збогати, оплемени и доби душа. Со проектот реализиран во 2011 година, жителите на оваа општина, Скопје и Македонија, добија убаво катче за одмор и место за прошетки, кој е секојдневно доста посетен од сите генерации кои тука доаѓаат на релаксација
- Во 2011 и 2012 година се озеленети просторите околу станбените објекти во Струмица-Парк, Скопје-Аеродром-Ново Лисиче, Охрид-Билјанини Извори, Скопје-Центар-Под Водно и резиденција АДОРА-Црниче-Скопје. Со новите зелени појаси и цветни паркчиња, се оплеменети станбените објекти и нивните околини, освежен е воздухот, се штити животна средина од загадување, а жителите добија еколошки бели дробови кои го чуваат нивното и здравјето на идните генерации од штетни влијанија.
- Фонтана во дворот на елитниот станбен објект Скопје-Центар-Под Водно, со ликот на Пресвета Богородица, Заштитничка на „Адора Инженеринг“, како место за духовно исполнување, одмор и релаксација на станарите. Реализација 2012 година.
- Во 2012 година започна изградбата на црквата „Свети Јован Крстител“, во новиот парк со авион во Ново Лисиче, општина Аеродром-Скопје, донација на „Адора Инженеринг“ и ктиторот др - Ванчо Чифлиганец за жителите на општината каде компанијата има најголеми инвестиции со 8 изградени станбени објекти и три згради кои ќе се градат. Се

**„Храмот ќе ги грее душите на верниците и затоа порачувам да се множат ваквите проекти, кои со помош на ктиторите, како што е семејството Чифлиганец, ќе ги исполнат со нови светилишта празните простори во Скопје, кои не треба да наликуваат на пустина”-**Архиепископ Охридски и Македонски, г.г. Стефан, Поглавар на МПЦ.



работи за петкуполна православна црква висока 15 м, со камбанарија, што се гради во духот, според традиците и канонците на МПЦ.

- Во 2012 година започна реализацијата на идејниот проект за подигнување на спомен обележје посветено на празникот и најмасовната верско-туристичка атракција, посветена на Исусовото крштевање Богојавление-Охрид, што „Адора Инженеринг“ и ген. дир. проф. д-р Ванчо Чифлиганец, ќе им го подари на Охрид, граѓаните и туристите, како инвеститор во Охрид и покровител на манифестацијата Водици-Охрид-2012.



## 7.2. ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ

- Донација на околу 200 хуманитарни прехранбено-хигиенски пакети за социјално загрозени семејства од општините Охрид и Дебрца во соработка со Црвениот Крст-Охрид, на големите верски празници Богојавление-Водици, Велигден и Свети Климент Охридски-Патрон на Охрид. Проект реализиран во 2012 година.
- Поддршка на хуманитарната акција „За посреќно детство“ во Охрид, организирана од Црвениот Крст-Охрид во 2012 година
- Поддршка на крводарителската акција на Црвен Крст на Република Македонија по повод Светскиот ден на крводарителството во Куманово, во 2012 година.
- Хуманитарна акција во 2012 година за собирање и дарување стара облека за социјално загрозените граѓани на Скопје, во соработка со Црвен Крст-Скопје.
- Хуманитарен новогодишен караван на крајот на декември 2012 година за најмладите. Донација на 100 новогодишни пакетчиња за пациентите на детското одделение и одделението за детска онкологија во Државната болница во Скопје и детското одделение во Општата болница во Струмица, каде беа донирани и два инхалатори. Во детската градинка Цветови во Радовиш, донација на новогодишни пакетчиња и музички систем.




**„Благодарение на хуманоста и солидарноста, високо изградената свест за општествена одговорност на Г-дин Ванчо Чифлиганец и АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ, повеќе од 200 социјално загрозени семејства од општините Охрид и Дебарца во 2012 година беа корисници на хуманитарни прехранбено-хигиенски пакети, кои беа обезбедени од АДОРА ИНЖЕНЕРИН и во партнерство со Црвен крст Охрид беа поделени на семејствата. Во ова време исполнето со бројни несреќи,страдања на луѓето, предизвикани главно од војни, природни катастрофи и социјални неправди, во ова време-невреме, во кое да се биде ХУМАН за многумина е тежок избор, време во кое луѓето се повеќе чувствуваат несигурност и закана кон најдрагоценото-животот и достоинството, овој позитивен пример на соработка и партнерство на нашата хуманитарна организација со претставник од корпоративниот сектор, го потврди единствениот вистински правец на мисијата на хуманоста-да се помага на оние на кои помош им е најпотребна и воедно ги инспирира и поттикна на хуманост и локалните фирми и институции.“ -** Сашо Точков
-претседател на Црвен Крст-Охрид





## 7.3. СТИПЕНДИРАЊЕ НА СТУДЕНТИ

Во 2012 година „Адора Инженеринг“ континуирано ги стипендираше талентираните студенти Дарко Домазетоски и Христина Шалокоска, избрани како најдобри матуранти од Охрид, на кои редовно, месечно им беше давана стипендија во износ од најголемата државна стипендија. Целта на оваа иницијатива, која прераснува во традиција на компанијата и продолжува натаму, е на младите и амбициозни луѓе да им се помогне во образованието, за тие да бидат предводници во развојот на државата, за подобар и попросперитен живот на граѓаните во иднина.

**„Ја поздравувам одлуката на д-р Ванчо Чифлиганец за доделување стипендии за 2012 година на двајцата најталентирани студенти во прва година, матуранти од охридската гимназија „Свети Климент Охридски“. Добивањето на оваа стипендија за мене е голема чест, но и поттик, со што се наградува мојата амбициозност, трудот и работата што ги вложив во претходните години. Верувам дека оваа нова иницијатива ќе прерасне во традиција, што ќе ја продолжат и наредните кумови на манифестацијата Водици во Охрид“.** – Христина Шалкоска-студентка на Универзитетот за информатички технологии во Скопје



**„Нашиот народ колку и да е материјално сиромашен, сепак создал одредени духовни вредности кои за жал во овие бурни времиња, во бесконечната трка со животот, многу малку ги почитуваме, па дури и сме заборавиле дека одреден систем на вредности воопшто постои. Вие Г-дине Чифлиганец, со Вашата компанија „Адора Инженеринг“ сте меѓу ретките примери на поддршка на граѓаните, со што ги потврдувате Вашите дела со конкретни активности од корст на пошироката заедница. Со стипендирањето на двајца млади Охриѓани и поддршката на нивното образование, конкретно покажавте како човек кој не е по потекло од Охрид, работи во интерес на градот и неговите граѓани.“** –Дарко Домазетоски, студент на универзитетот ФИНКИ во Скопје.

## 7.4. ПОДДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИИ ОД СПОРТОТ, КУЛТУРАТА, СТРУЧНИ ФОРУМИ

- Во 2012 година компанијата како главен спонзор, го поддржа 52-то издание на меѓународниот фестивал Охридско Лето, со што се вгради во опстојувањето, афирмацијата и растот на оваа надалеку прочуена манифестација од културата, членка на Европската асоцијација на фестивали, синоним за културата на Македонија во светот.
- Меѓу спортските настани, поддржани од „Адора Инженеринг“ во 2012 година се: 36-тиот Меѓународен турнир во борење-слободен стил „Македонски бисер 2012“ во Радовиш; натпреварите во првата лига на Ракометниот клуб „Радовиш“; Меѓународната кајак-кану регата Охрид 2012 и други.
- Меѓу стручните и научни форуми и други манифестации, кои ги има поддржано компанијата, се Конференцијата за енергетика во 2011 година, Меѓународната конференција на архитекти во Скопје во 2012 година, верско-граѓанската манифестација Богојавление-Водици Охрид-2012 година и други научни и едукативни средби.










## 8 | НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

За најдобри општествено одговорни практитки во 2011 година, „Адора Инженеринг“ доби две национални признанија, плакета во категоријата “Вложување во заедницата“, за проектот изградба на Фотана Македонија во паркот во Кисела Вода-Скопје и плакета за Заштита на животната средина за проектот изградба на Прв охридски енергетски ефикасен градежен бисер. За однос кон животната средина и долгорочниот проект за изградба на енергетски ефикасни објекти, компанијата доби плакета за успешно спроведена општествено одговорна практика во 2012 година за проектот Еко дом за денес и за утре, Скопје-Под Водно-зелен дом што штеди пари. За најдобри ООП, „Адора Инженеринг“ изминатите години има добиено седум национални и една јубилејна награда од министерството за економија.







За исполнување на аспектите за социјална одговорност, покрај економските резултати, „Адора Инженеринг“ како единствена компанија од Македонија ја доби меѓународната награда „Најдобра компанија“ и „Најдобар менаџер“ во Европа во 2012 година од страна на Европската бизнис асамблеа, доделени на свеченост на 17 декември, во Виена, Австрија. Општествено одговорните практики се земени во предвид и при изборот на м-р Драгана Чифлиганец, изв. дир на компанијата за една од 10-те најуспешни жени менаџери во Македонија во 2012 година од агенцијата „Марили“. Компанијата е два пати прогласена за Инвеститор на годината на Меѓународниот саем за недвижности RealEX, во 2010 и 2011 година.





# 9 | ПЛАНСКИ ЦЕЛИ ЗА 2013 ГОДИНА

„Адора Инженеринг“ во 2013 година продолжува со реализација на долгорочната стратегија на општествено одговорни практики, поддржувајќи ги главните принципи на Глобалиот Договор на ООН, за човековите права, работнички права, животната средина и антикорупцијата.

- Продолжува проектот Исхрана на секој вработен на градилиштата со организирана достава на три оброци на ден.
- Продолжува проектот Стручна едукација на сите вработени, со професионални обуки за следење и примена на новите стандарди во работењето
- Продолжува проектот за поддршка на вработените со аванси од плати и финансии за нивните приватни животни потреби.
- Продолжува проектот за поддршка на дел од вработените со обезбедено домување и поддршка на дел од трошоците за станување од компанијата.
- Организација на крводарителски акии, со учество на вработените
- Изградба на постратешки приод и програма за волонтирање на вработените во активности од интерес на заедницата, во соработка со други оргаизации, институции и асоцијации.
- Продолжува долгорочниот проект Вложуваме во општините каде што градиме, за доброто на граѓаните
- Уредување на детско игралиште во општина Центар, кај станбените објекти 50 Дивизија-Скопје
- Продолжува долгорочната стратегија за изградба на енергетски ефикасни домови
- Продолжува инсталирањето на обновливи извори на енергија, соларни системи со фотоволтаици, кои штедат енергија и пари
- Продолжува хортикултурното оплеменување и озеленување на околината на станбените објекти
- Продолжуваат мерките за соодветно управување со отпад на градилиштата и станбените објекти

- Продолжува изградбата на црквата Свети Јован Крстител во Општина Аеродром, во Скопје
- Продолжува стипендирањето на талентирани студенти и во 2013 година
- Ќе се интензивира конкретната реализација на идејниот проект за подигнување на спомен обележје на Богојавление-Водици во Охрид
- Организација на хуманитарни акции за помагање на социјално загрозени и сиромашни граѓани
- Продолжува поддршката на спортски, културни и научно-стручни манифестации
- Поддршка на 53-тото издание на меѓународниот фестивал Охридско Лето
- Активно учество во иницијативите и активностите на Македонската мрежа на Глобалниот Договор
- Развивање на идни политики и практики во областа на ООП

